РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1517/.
18-08-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-2736/1 од 05.06.2023 година, со наводи против одлука на Градоначалник на --------------------- за именување на вршител на должност директор на СУГС ------------------------------ Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата предметот број 12-2736/1 од 05.06.2023 година, СЕ **ПОТВРДУВААТ**.

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе покрене иницијатива за поведување на постапка за одговорност до надлежното обвинителство за градоначалникот на -------------, како и Иницијатива до Град Скопје за разрешување на ВД Директорот на СУГС ----------------------- Скопје

Предметот со број 12-2736/1 од 05.06.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 05.06.2023 година, поднесена е пријава заведена под број 12-2736/1 со наводи против одлука на Градоначалник на ----------------------, -------------- ----------------- за именување на Директор на СУГС ------------------------------Скопје, поради сомневање за повреда на постапката за именување на вршител на должноста директор.

Во доставената пријава се наведува дека Градоначалникот на --------------------, го разрешил од функција директор на СУГС ------------------------------ ----------------------------, поради истек на мандатот а спротивно на Законот за средното образование, поради тоа

што тој бил должен три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор да донесе одлука со која требало да го задолжи училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор. .
Кон овој предмет е споен и предмет број **12-3973/1 од 11.08.2023** година, оформен по барање доставено од Државниот просветен инспекторат, со кое до ДКСК е доставен Записник за извршен вонреден инспекциски надзор во СУГС --------------------------------, со ---------------- од 07.06.2023 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Државниот просветен инспекторат, Градоначалникот на -------------------- и Министерот за образование и наука на РСМ, податоци и информации по однос на нивното надлежно постапување за предметниот случај.
По извршениот увид во целокупната доставена документација ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

- Во однос на предметната постапка за именување на ВД директор во СУГС ---------------- ----------------- Скопје, по иницијатива доставена од подносителот на пријавата постапил Државниот просветен инспекторат и на ден 05.06.2023 година извршил вонреден инспекциски надзор за што бил составен записник -------------- од 07.06.2023 година. При надзорот, Државниот просветен инспектор од увидот во досието на именуваното лице констатирал дека лицето именувано за вршител на должност директор е од редот на вработените во средното училиште, но дека истото не ја поседувало во целост документацијата која е потребна за исполнување на условите во постапката за именување на вршител на должноста директор. Оттаму, од страна на државниот просветен инспектор е утврдено дека наводот во иницијативата е **основан**, односно дека лицето ----------------------------, именувано со Решение број ----------- од 22.05.2023 година од Градоначалникот на ------------------- за ВД Директор на СУГС ------------------------ ------ Скопје, било именувано спротивно на член 93-в став 1 и член 91 став 2 од Законот за средно образование. По извршениот надзор државниот просветен инспектор согласно член 28 став 11 од Законот за просветна инспекција доставил известување до основачот, односно до Градоначалник на -----------------, со цел понатамошно постапување,. Исто така, државниот просветен инспектор доставил и известување до Министерот за образование и наука на РСМ, за негово запознавање со состојбите во предметното средно училиште и негово понатамошно постапување согласно неговите надлежности дефинирани во член 108-а од Законот за средно образование.

- Министерството за образование и наука се произнесува дека нема законска надлежност да постапува во врска со неправилностите во постапката за избор на в.д

директор во предметното училиште, констатирани_во наведениот записник , од причина што за случајот по извршениот надзор немало донесено решение за извршување на определени мерки од страна на Државната просветна инспекција. Оттаму, Министерството за образование и наука немало надлежност да постапи согласно член 108-б односно, односно не биле исполнети законските услови да се одземе надлежноста на Градоначалникот на -------------------.

- ---------- Скопје ја извести ДКСК дека предметната постапка за именување на вршител на должност е спроведена согласно со закон и според нив постапката за надзор во предметното средно училиште не била водена согласно одредбите од Законот за просветна инспекција и Законот за инспекциски надзор односно, дека државниот просветен инспектор ги пречекорил своите овластувања со вршењето на надзор во предметното училиште чиј основач е ----------------------и кое има статус на општинско средно училиште, а во кое инспекциски надзор вршат овластени просветни инспектори на ----------------, согласно член 10 став 2 од Закнот за просветната инспекција. Оттаму, известувањето доставено од државниот просветен инспектор од 08.06.2023 година, Градот смета дека е известување без законска поткрепа и оттаму не постоел законски основ за постапување на ---------------- по истото.

---------------- исто така известува и дека во предметниот случај, кандидатот кој бил незадоволен од одлуката на градоначалникот, не го искористил правото во постапката дадено во правната поука од донесеното решение и не постапил согласно член 92-а од Законот за средното образование, согласно кој кандидатот кој не е избран има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управната постапка и постапка од работен однос во втор степен, како и да поведе управен спор пред надлежен суд.

-По барање на ДКСК, Овластен просветен инспектор од Сектор Инспекторат на ----------------, кој изврши вонреден инспекциски надзор и достави Записник, број ---------------- од 15.04.2024 година, согласно член 2, член 10, член 21, член 23, член 29 и член 31 од од Законот за просветната инспекција, член 71 од Законот за инспекциски надзор и член 93-в а во врска со член 91 став (2) од Законот за средното образование. Предмет на инспекцискиот надзор бил исполнетост на услови за именување вршител на должност-директор на Средното училиште на ---------------------- ------------------------------- Скопје.

При извршениот вонреден инспекциски надзор, од страна на овластениот просветен инспектор бил направен увид во документацијата за три лица кандидати за именување за вршител на должност директор (------------------------------------------------------------------------------) и бил констатиран недостаток на документи со кои се докажува целосно исполнување на условите за директор, по што било утврдено дека ниту еден од вработените во училиштето во целост не ги исполнуваат условите за директор и

условите за вршител на должност-директор на Средното училиште на ---------------------- ------------------------------ – Скопје, согласно член 93-в, а во врска со член 91 став (2) од Законот за средното образование.За утврдената фактичка состојба од страна на овластениот просветен инспектор на ---------------------било доставено известување до Градоначалникот на ---------------------.

-

-Констатирано е дека од страна на Градоначалникот не се преземени никакви дејствија, активности или мерки по однос на двата вонредни инспекциски надзори извршени од страна на овластениот просветен инспектор на ------------- и државниот просветен инспектор, а во кои е констатирана состојба за назначено несоодветно лице за в.д. директор на училиштето и е утврдено дека од страна на Градоначалникот не се испочитувани законските одредби со кои е уредена предметната постапка. Ова значи дека во предметната постапка Градоначалникот, со Решение број -------------- од 22.05.2023 година, именувал лице за вршител на должноста директор спротивно на одредбите од Законот за средното образивание[1], со што ги пречекорил јавните овластувања.

-По барање на ДКСК, добиен е одговор од Сектор Инспекторат при ---------------------, наш број 12-1517/2 од 11.06.2025 година, со кој во прилог е доставено известувањето кое овластениот просветен инспектор на ---------------------го доставил до Градоначалникот на запознавање и понатамошно постапување, со кое го известува за утврдената фактичка состојба при надзорот извршен на ден 12.04.2024 година. Во известувањето е наведено и дека во конкретниот случај не било издадено Решение како инспекциски акт врз субјектот за вршење на инспекцискиот надзор, туку само било доставено известување до Градоначалникот на ---------------------, кој го именувал вршителот на должноста директор на предметното средно училиште.

Од страна на Сектор Инспекторат при ---------------------не е извршен контролен инспекциски надзор за предметниот случај со што не е постапено во целост по барањето на ДКСК број 12-1517/1 од 15.05.2025 година.

Од утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека наводите за сомневање за повреда на постапката за именување на вршител на должноста директор во предметното средно училиште се основани, поради тоа што со именувањето на лице за вршител на должност кое не ги исполнува условите за вршењето на оваа функција

---

[1] („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/2020 година)

сторена е повреда на член 93-в а во врска со член 91 став (2) од Законот за средно образование.
За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе покрене иницијатива за поведување на постапка за одговорност до надлежното обвинителство за градоначалникот на град Скопје, како и Иницијатива до Град Скопје за разрешување на ВД Директорот на СУГС ---------------------------------------------------------------Скопје.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен:м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р.,член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk